МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

# А Н Д Р Е   Г Е Л П К Е

7 - 25. VII. 1989 година

## Носталгија за земјата

Во почетокот Андре Гелпке сакал да биде архитект, но по едно стажирање во градежништво, ја напушта првобитната идеја и и се посветува на фотографијата. Така започнува со проучувањето на оваа дисциплина во "Folkwangschule" во Есен во времето кога професорот по фотографија Ото Штајнер, познат по своите уметнички преокупации, посебно се интересирал за новинарска фотографија.

Откако се специјализирал за фоторепортажа со експресивен стил, Гелпке со неколку соработници, ја формира во 1975 година, агенцијата VISUM. Истата била замислена како некој вид задруга за да им овозможи на фотографиите не само критички да се изразуваат - што било особено посакувано - туку и да им даде простор за креативна слобода надвор од работата по порачка. Гелпке ја напушта групава по три години за да и се посвети првенствено на личната работа.

Овој потег значеше за него ослободување од новинарската репортажа во корист на самата фотографија, бидејќи му овозможуваше да го развие својот стил: згуснување на констелациите за да се оформи некоја слика. Фотографиите на Гелпке не почиваат врз случајно сретнат мотив, туку врз некоја откриена состојба од која ја развива својата сопствена визуелна концепција. Што се однесува до тематската ориентација, таа датира од времето кога работел како репротер.

Додека "Книгата на Св.Поли" од 1981 г. може се уште, да се смета како продолжување на таа дејност, претставите од (Идеја за бегство) решително и свртуваат грб на конкретната информативна фотографија. Тука Гелпке, тргнувајќи од постојниот надворешен свет, создава облици што го наведуваат гледачот да се запраша какви се можности за субјективно изразување нуди фотографијата. Во (Кривата кула во Пиза од 1985 г. им се враќа на своите почетоци со свој избор на фотографии од патувања собрани од 1972 г. наваму, прикажани повеќе описно. Во избор е изразена потребата од дијалог која се должи, не само на тематиката, туку и на начинот на кој е даден секој мотив,

а таа потреба ја надминува душевната состојба на авторот. Оваа ориентација се продолжува и кај фотографиите во последните три години прикажани во рамките на изложбава. Веќе неколку години фотографот Гелпке се интересира за културниот живот на една област, која како активен учесник особено добро ја познава, но како фотограф би сакал да ја прикаже со дистанца. Она што го интересира, тоа се однесувањата на луѓето во рамките на некои јавни манифестации или организирани разонодi. Како резултат на тоа добиени се "визуелни оценки" во кои доминираат конформистички или модни гестови, кочоперење или ритуално однесување на едно заситено општество.

Тоа се критички претстави на тема "убав изглед", претстави што се преобразени со посредство на уметничкиот израз на фотографијата. Нивната појдовна точка е секогаш во надворешниот изглед, но нивната реализација и обработка од страна на уметникот доведуваат до претстави што го симнуваат лакот од површината.

Уте Ескилдсен

Биографија

Андре Гелпке е роден 1947 г. во Бајерод (општина Гифхорн)
1969-74 студира фотографија во Folkwangschule во Есен (Виша школа за уметничко изразување) во класата на Ото Штајнер.
1975 г. ко-основач на фотографската агенција VISUM.
Од 1978 г. работи како самостоен фотограф
Живее и работи во Диселдорф.

Книги

Театар на сексот, 1981
Помисла за бегство, 1983
Кривата кула во Пиза, 1985

Од 1975 учествува на бројни групни изложби.

# К А Т А Л О Г

2. ЕСЕН - БОРБЕК, 1985
3. ДИСЕЛДОРФСКИ КАРНЕВАЛ, 1986
4. ДИСЕЛДОРФ, 1986
5. ДИСЕЛДОРФСКИ КЕРМЕС, 1985
6. ПАЦИФИСТИЧКА МАНИФЕСТАЦИЈА ВО БОН
7. КЕРМЕС, 1984
8. ПРОЦЕСИЈА НА ГОСПОДНИОТ ДЕН, 1985
10. КАРНЕВАЛ НА ДЕЦАТА ВО ХИЛТОН, 1984
11. КЕЛНСКИ КАРНЕВАЛ, 1983
12. КАРНЕВАЛ, ДИСЕЛДОРФ, 1986
13. ДИСЕЛДОРФСКИ КАРНЕВАЛ, 1986
14. ДИСЕЛОДОРФСКИ КАРНЕВАЛ, 1985
15. ДИСЕЛДОРФСКИ КАНЕВАЛ, 1986
16. ДЕТСКИ КАРНЕВАЛ ВО ДИСЕЛДОРФ, 1984
17. ДЕТСКИ КАРНЕВАЛ ВО ХИЛТОН, ДИСЕЛДОРФ, 1984
18. ДИСЕЛДОРФСКИ КАРНЕВАЛ, 1980
19. ВОХУМ, 1984
20. РАТИНГЕР ХОФ, ДИСЕЛДОРФ, 1983
21. РАТИНГЕР ХОФ, ДИСЕЛДОРФ, 1986
22. ПРИЕМ "ХААРГЕНАУ" ВО ДИСЕЛДОРФ, 1986
23. ПРИЕМ "ХААРГЕНАУ" ВО ДИСЕЛДОРФ, 1986
24. РИТИНГЕР ХОФ, ДИСЕЛДОРФ, 1986
25. ТОНХАЛЕ ВО ДИСЕЛДОРФ, 1986
26. ДИСЕЛДОРФСКИ КАРНЕВАЛ, 1984
27. СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ, ДИСЕЛДОРФ, 1984
28. РАТИНГЕР ХОФ, ДИСЕЛДОРФ, 1984
29. ДОЧЕК Н А НОВА ГОДИНА ВО ЕСЕН, 1985
30. ДИСКО ВО ЕСЕН, 1985
31. МУЗЕЈ ВО ДИСЕЛДОРФ, 1985
32. МУЗЕЈ ВО ДИСЕЛДОРФ, 1985
33. ХОТЕЛ ХИЛТОН, ДИСЕЛДОРФ, 1985
34. БАЛ ВО ХОТЕЛОТ ХИЛТОН

35. ТАНЦУВАЧКИ ТУРНИР, 1985
36. БАЛ ВО ХИЛТОН, ДИСЕЛДОРФ, 1985
37. БАЛ ВО ХИЛТОН, ДИСЕЛДОРФ, 1984
38. ХОТЕЛ ХИЛТОН, ДИСЕЛДОРФ, 1984
39. ТАНЦУВАЧКИ ТУРНИР, ДУИСБУРГ, 1985
40. КРАЛСКА САЛА ВО ДИСЕЛДОРФ, 1986

Изложбата е организирана во соработка со Културно-информативниот центар на СР Германија во Белград.